АЛЕКСАНДАР РЕСАВСКИ

ТАЈНИТЕ НА ХАВИЕР ШИНИНГНАУТ



ПАТУВАЊЕ ВО СВЕТОТ НА ФАНТАЗИЈАТА

АЛЕКСАНДАР РЕСАВСКИ

ТАЈНИТЕ НА ХАВИЕР ШИНИНГНАУТ

Издавач:
Библиотека „Стефан Хаџи Тефов - Феткин“
Кавадарци

Уредник
м-р Александар Ресавски

Дизајн на корица
Александар Јакимовски

Лектор
д-р Јана Михајловска-Иванов

Печати
ИН Дизајн Студио
Франц Прешерн 193, 1000 Скопје
+389 2 20 50 630; +389 75 301 265
https://www.indizajnstudio.mk/

Место и година на издавање:
Кавадарци 2023
Тираж
100 примероци

Александар Ресавски

ТАЈНИТЕ НА ХАВИЕР ШИНИНГНАУТ

Кавадарци
2023

СОДРЖИНА

За Хавиер Шинингнаут……..... 7

Забранетата љубов од лозата на Асорин и Шахор..... 8

Кралството на Принцезата Аканта.....15

Проклетството од Заборавената шума..... 22

Седумте езера..... 25

Десеттиот наследник и чуварот на трите тајни..... 30

Кристалната пештера..... 44

За Хавиер Шинингнаут

Беше исклучително добар човек со големо срце, неговото разбирање кон светот беше непроценливо од аспект за разумно и пристојно придонесување во кој било поглед.Уште кога ќе го спомнеа неговото име сите имаа позитивно мислење, а неговата голема емпатија кон другите го правеа посебен во кој било аспект.

Хавиер Шинингнаут беше голем научник, а неговото познавање од областа на магијата и волшепството го правеше уникатен и единствен. Во својот живот целосно се посвети на оваа работа. Неговите откритија и тајни целосно останаа сочувани од него без да има склоност за нивна злоупотреба.

Ми беше голем пријател, а пред неговата смрт ми остави голем број записи коишто имав задача до еден да ги зачувам.

Оваа книга е пишувана со голема заштитна магија, а само добронамерниот волшебник ќе има чест и можност да ја држи в раце и да прочита што пишува внатре.

Од Нордин Студ

Во чест и со почит за мојот пријател,
Хавиер Шинингнаут



Забранетата љубов од лозата на Асорин и Шахор

Беше многу одамна кога заветот на магијата започна да се применува кај сите волшебници и доколку тој завет се нарушеше и не се испочитуваше можеше да има страшни последици за нивното постоење и да доведе до раѓање на злото какво што досега немаат видено.

Сѐ започна во волшебното село Мистрок во Унгарија, сместено на големата висорамнина Ониор опкружено со природни убавини какви што никој досега не видел. Пространите ливади со многуте мали езерца, прекрасната зелена површина беа карактеристични за ова место, а токму ова село беше во средината на оваа убавина. Беше место на големи волшебници и скриено од оние коишто не припаѓаа на тој волшебнички свет. Имаше над стотина куќи во селото и сите беа идентични по нивниот изглед, а високите оџаци високо се издигаа над нивните покриви.

Имаше фамилии од различен социјален статус, но како најкарактеристични се издвојуваа оние од лозата на Асорин и Шахор. Нивната желба за моќ и превласт над сите волшебници отсекогаш била својствена за нив. Едноставно сакаа да бидат забележани од сите останати, а нивната гордост не му дозволуваше да се почитуваат како сите останати волшебници во селото.

Како што одминуваше времето така тие добиваа и свои поколенија, и никој од нив не претпостави дека само една љубов може да го промени тој свет.

И двете фамилиии во текот на една година добија по уште едно дете, роденото прекрасно девојче беше од лозата на Асоин и ја викаа Товија, додека оние од лозата на Шахор го добија убавото момче Улдор. И двете новородени деца од фамилијата на Асорин и Шахор беа толку многу убави што кој и да ги погледнеше се занесуваше од нивната убавина. Сите коишто ги виделе, го потврдуваа тоа..

Како што растеа нивните деца, неподнесливоста меѓу двете фамилии од ден на ден постојано се зголемуваше. Но и покрај тоа тие секојдевно се сретнуваа низ тесните улици во селото раз-

минувајќи се брзо со наведнати глави. Но за Товија и Улдор тоа не важеше. И покрај омразата на нивните семејства, нивните погледи уште од најмала возраст се пресретнуваа и поминуваше незабележително кај нивните семејства.

Како што одминуваше времето, со текот на годините, тие созреваа, а нивната привлечност помеѓу нив стануваше од ден на ден сè поголема пред сè поради нивната убавина којашто освен нив другите ја немаа.

Нивните фамилии дома постојано му кажуваа дека тие не треба да се поздравуваат и дружат, и тоа важеше не само за нив туку за сите останати. Но дојде и денот кога сите ќе зажалат за нивната тајна средба, за мигот што ќе донесе многу немир и смрт. Беа родени во иста година, но само со еден месец разлика, и на 21-годишна возраст погледите конечно им се пресретнаа одблизу низ тесните улички во селото на само половина метар оддалеченост и тоа на пат за школо.

Нивните очи кажуваа сè. Погледите не си ги оттргнуваа еден од друг, а сјајот во очите што го имаа Товија и Улдор беше непроценливо убав како најубавиот дијамант на светот и како да го чекаа тој момент. Тие знаеја дека не треба ова да се случува, но привлечнота беше посилна од сè.

-Би сакал повторно да те видам многу подолго од овој момент со нежен и мил глас ѝ рече Улдор на Товија.

-Да се најдеме кај старото и големо дрво, рече Улдор.
Таа само кимна со главата давајќи потврден и срамежлив одговор.

Нивните средби станаа секојдневие, а љубовта помеѓу нив стануваше толку голема што ништо на светот не можеше да ја спречи, ниту ни најмоќната магија. Сето ова се случуваше далеку од сите, и долго време никој не знаеше за нивните средби.
-Она што го открив и го истражував многу години, ги надмина моите очекувања. Секоја забранета љубов завршува на неубав начин, кажувајќи го тоа гласно. Хавиер Шинингнаут продолжи со пишувањето на своите записи.

Едно снежно зимско утро во домот на фамилијата Шахор се

слушна тропот на надворешната порта. Тоа беше човекот којшто ги носеше писмата тоа утро. Го остави пред врата и си замина веднаш поради студот и силниот ветар. За кратко пред врата излезе таткото на Улдор и го зеде писмото што беше оставено пред прагот на портата. Не беше потпишано од кој е. Веднаш сфати дека е анонимно, го отвори и почна да го чита:

Подолго време имаме сознанија дека вашиот син Улдор и ќерката од фамилијата Асорин, убавата Товија се во контакт. Нивната љубов е вистинска и се случува.

Кога го прочита ова, беше многу бесен и гневен. Тоа што не го посакуваа, им дојде на врата. Веднаш ја облече долгата дебела зимска наметка и се упати кон фамилијата Асорин.

Тропањето на вратата беше непрекинато, силно. За момент на вратата се појави таткото на Товија. Кога се сретнаа нивните погледи беа толку остри што во секој момент можеше од рацете да излезе магија што би можела да биде фатална и за двајцата.

-Застани, рече таткото на Улдор подавајќи му го писмото.

Го зеде писмото и започна да чита. Не можеше да си поверува на очите од тоа што го пишуваше. Доживеа големо разочарување. Поради нивната омрза кон фамилиите ова не смешее да се случи. Таа љубов не можеше да се овековечи.

-Се гледаме подоцна, одговори таткото на Товија.

Поминаа неколку мачни денови за двете фамилии, а најтешко беше за Товија и Улдор. Тие добија забрана да се гледаат, па нивното излегување од дома стана невозможно. Тајното состанување на двете фамилии беше надвор од очите на Товија и Улдор, а одлуката којашто ја донесоа, според Хавиер Шинингнаут, беше апсолутна грешка.

Едно рано снежно утро и двете фамилии се упатија кон далечната Заборавена шума. Одеа со посебни кочии, а со нив беа Товија и Улдор незнаејќи каде се упатуваат. Нивните родители не му ја откриваа намерата што тие ја имаат подготвено за нив. Кога би знаеле, тие сигурно би нашле начин да избегаат во мис-

лите, си го кажуваше ова Хавиер Шинингнаут.

Патувањето кон Заборавената шума беше долго и мачно. Тој ден и таа ноќ се претворија во година. Освен нивните родители, тие двајца не знаеја каде се упатуваат бидејќи очите им беа врзани. Патот до Заборавената шума којшто го одеа беше мрачен, темен и со многу несигурност, бидејќи во тие пространства се криеја многу лоши волшебници. Звуците што доаѓаа од секаде околу нив беа застрашувачки, но тоа воопшто не ги предомисли во намерата што ја имаа.

После долгиот напорен пат тие пристигнаа во шумата, а кочењето на кочиите беше толку силно што предизвиканиот звук за момент ги предизвика гавраните на околните одголени гранки да се разлетаат..

-Стигнавме, одговори таткото на Товија.

Во Заборавената шума живееја најмистериозните суштества што некогаш можеа да се видат и затоа скоро сите го избегнуваа овој дел од шумата, па дури и патувањето низ неа. Некои едноставно не излегуваа повторно од таму. Сето тоа добро го знаеја родителите на Улдор и Товија, но и покрај тоа тие беа убедени во намерата што ја имаа.

Пред длабоко да навлезат во шумата, на почетокот ги пречекаа огнените браќа Евијан со нивните моќни стрели и лак во рацете. Од левата страна беше Мирок, а од десната страна стоеше Барик.

Беа високи нешто повеќе од два метра, а роговите коишто ги имаа на главата ги правеа да изгледаат уште повисоки. Бојата на очите им беше бледо златникава, а погледот морничав и застрашувачки.. Во горниот дел од телото беа силно развиени и мускулно градени, додека од половината надолу и воопшто да немаа тело, туку едноставно лебдеа над земјата опколени со пламен со кој се движеа.

Тие беа запознати со случајот на Улдор и Товија, и беа известени претходно од нивните родители. Нивната согласност ги донесе кај нив, и тие беа главните без коишто не можеше да го направат ритуалот што веќе го договорија. Беа исклучително

моќни суштества и секој го заеше тоа.

-Да тргнеме, кажа таткото на Улдор.

-Следете нè, одговорија браќата Евијан упатувајќи се кон внатрешноста на шумата.

По половина час одење стигнаа до местото наречено црниот огнен круг каде што требаше да го направат ритуалот.

Нивната немоќ да се ослободат од сето тоа изгледаше сè поголема, кога во еден момент Товија со насолзени очи прозборе:

-Зошто го правите ова?.

Во истиот миг Улдор започна да бега, но беше невозможно да се избега од браќата Евијан.

Мирок го зема Улдор, додека Барик ја зема Товија и застанаа во црниот огнен круг едни наспроти други, додека нивните родители беа надвор од тој круг. Веднаш започнаа со проклетата магија кога околу нив, наеднаш, се појави голем пламен.. Тоа што го кажуваа браќата Евијан беше неразбирливо за сите останати, а нивната магија и клетвата одекнуваа длабоко во шумата. Беше толку моќна што Товија и Улдор испуштаа силни звуци на болка. Веќе немаше назад. Магијата беше започната и немаше начин за да се прекине. Љубовта помеѓу нив мораше да престане засекогаш.

Пламените јазици станува сè поголеми од миг во миг кога во еден момент еден од браќата прозборе.

-Дали чувствуваш присуство на друг во кругот, рече Барик.

-Да, но што е тоа, рече Мирок.

-Имаш дете во себе, силно изговори Барик. Зошто не ни кажавте за ова, кажувајќи го тоа со голема лутина додека огновите околу нив стануваа сè поголеми.

-Дете, прозбореа родителите зачудено.

-Нее, се слушна силен екот од мајката на Товија.

Беше неочекуван момент за сите, но за Товија и Улдор беше љубов.

Ова не можеме да го прекинеме, продолжуваме, кажаа браќата Евијан и му наредија на родителите да застанат рамномерно околу кругот. Нивната магија и клетвата стануваше сè посил-

на како што доаѓаа до крајот, а испреплетените видливи конци околу нив стануваа се појасни. Силна светлина се шириле насекаде низ шумата од проклетата магија, а тие паднаа во бессознание од моќта на проклетството. Силната светлина за миг згасна, а темнината повторно завладеа низ шумата и околу нив.

-Пактот е направен, кажаа браќата Евијан. Оваа љубов ќе остане заборавена и забранета како што вие сакавте, им одговорија на родителите.

-Но што со детето. Тоа не смее да излезе оттука. Товија и Улдор нема да се сеќаваат на ништо, кажуваа родителите.

-Оставете го тоа на нас, одговорија браќата Евијан. Ние ќе се погрижиме одреден период и тие повторно ќе се вратат кај вас.

Без многу размислување така и направија и веднаш заминаа оттаму разделувајќи се.

-Би требало таа љубов да остане засекогаш, но тоа што го направија родителите беше голема и ужасна грешка, си го кажуваше тоа на глас Хавиер Шинингнаут. Откривдека родителите дополнително фрлиле магија врз нив за нивната љубов да прекине, а со тоа само го влошиле ритуалот изведен од браќата Евијан и повторно започна да ги запишува своите записи Хавиер Шинингнаут.

Поминаа болни девет месеци за Товија и Улдор. Тоа беа денови исполнети со агонија и омраза кон родителите. Клетвата фрлена врз нив беше одбиена и пренесена на нивното неродено дете. Тие требаше да се забораваат себе, но љубовта е секогаш посилна од сè. И покрај тоа што тие беа разделени, повторно се посакуваа, а за тоа знаеја и браќата Евијан. Тие ги чуваа одделно без да се гледаат, но нивните чувства за љубов и да бидат заедно беа посилни од проклетсвото.

Браќата Евијан знаеја дека при ваков ритуал можеше да испадне најлошото нешто што досега можеа да го видат, но предавањето на душите на родителите во замена за овој ритуал беше посакувано од браќата Евијан.

Раѓањето на детето за Товија беше од голема среќа, но многу

кратко. Таа веднаш почина, а по некоја ден и Улдор. Нивните родителите беа известени, но детето кое што се роди не сакаа да го земат, беше одбиено и не сакаа да го именуваат, ниту пак име да му дадат.

Најпосле браќата Евијан го земаа и го чуваа, но знаеја дека со нив живее најголемото зло на сите времиња. Тоа беше темнината што одеше по земјата. Пактот и ритуалот што таа вечер го направија врз Товија и Улдор стана проклетството од Заборавената шума, а за Хавиер Шинингнаут тоа беше раѓањето на Шахор и тоа само поради забранетата љубов помеѓу лозата на Асорин и Шахор.

Кралството на Принцезата Аканта

Постоењето на шесте кралствата во волшебничкиот свет беше од големо значење за сите, и на оние коишто не припаѓаа на тој свет, а тоа беа обичните луѓе. Нивната прочуеност беше насекаде позната и секој сакаше да ги посети. Во тие кралства се правеа големи трговски размени, пазарите беа преполни со сè и сешто и изобилуваа со најразлични производи, а нивното богатство беше непроценливо. Мал дел од луѓето имаа можност да направат влез во тие кралства и беа многу посакувани од сите што живееја таму, пред сè поради нивната искреност и лојалност кон кралството кажувајќи го тоа Хавиер Шинингнаут каде што стоеше исправено пред прозорецот од каде што го гледаше снегот како без престан паѓаше.

-Да започнам со записите, тивко проговори Хавиер Шинингнаут и седна покрај каминот заедно со неговите мачки Абра и Хекс.

Многу многу одамна, постоеја кралствата на Езекил, Ермолај, Евстатиј, Елеазар и Евсигниј, а најпрочуено беше кралството на принцезата Аканта којашто беше позната по нејзината беспрекорна убавина и единствена наследничка на тронот. Во тие кралства се простираа најубавите ливади што некогаш постоеле. Пространите зелени површини со многубројните високи дрвја, прекрасните водопади и езера, чудесните цветни градини со нивните живописни бои беа воодушевување за секој којшто ги видел тие убавини. Величествените замоци заземаа огромни пространства низ шесте кралства и беа управувни од принцезата Аканта. Ја поседуваа и најголемата армија што некогаш постоела, додека таа во кралството на принцезата беше составена од џуџиња и беа најверните слуги коишто некогаш некое кралство ги имало.

Сите од шесте кралства рамномерно поседуваа и голем број на рудници од каде што и потекнуваше најголемото богатство. Покрај златото и среброто што го ископуваа, во рудниците беше застапен и сафирот, смарагдот, рубинот, а како најскапоцен го

имаше и дијамантот. Долго време кралствата опстануваа токму од овие скапоцености, а нивната работа беше насекаде прочуена низ волшебниот свет. Како што време одминуваше тие сè почесто се соочуваа со напади надвор од кралството токму поради богатството што го поседуваа во рудниците. Следбениците на Шахор постојано правеа нереди и вознемирувања во кралството, но тие секој пат успешно се бранеа.

-Но дојде и тој ден кога сè се промени во тие кралства и кога тие исчезнаа од лицето на земјата и се претворија во рушевини со разочарување, го кажа тоа Хавиер Шинингнаут.

Пронаоѓањето на светиот дијамант во кралството на Ермолај ја промени судбината на сите, и доколку тој не беше откриен од неговата армија тие сè уште ќе постоеја, а бракот помеѓу принцезата Аканта и Ермолај ќе беше склучен со големи почести и прослави бидејќи нивната љубов беше толку голема што сите имаа слушнато за тоа на сите страни од светот.

Како што работеа тој ден напорно во рудникот еден од работниците извика.

-Застанете, дојдете наваму. Силна светлина излегуваше од земјата. Но тоа не беше обична светлина. Беше толку многу силна и заслепувачка што на моменти и не можеа да погледнат. Веднаш престанаа со работа и беше повикан Ермолај да се увери во тоа што неговите работници го пронајдоа. Тој веднаш пристигна на самото место, а кога го виде тоа не веруваше на своите очи. Се доближи и ги растргна карпите. Знаеше дека тоа што го гледа не е само обичен скапоцен дијамант, туку нешто многу моќно. Беше со големина колку двете дланки, а кога го зеде в раце настана силно тресење на земјата. А тоа беше забележано и почувствувано многу подалеку од шесте кралства. Неговата моќ беше премногу голема за да ја издржи Ермолај, а тој падна на земјата во бессознание.

Гласините веднаш се раширија надвор од кралството за пронаоѓањето на големиот дијамант како што така го именуваа, но тоа беше повеќе од дијамант.

Единствениот којшто тоа го осети беше Шахор, неговата

способност за препознавање на моќни предмети ја чувствуваше надалеку, запишуваше Хавиер Шинингнаут.

После три дена во постела Ермолај ги отвори очите опкружен со принцезата Аканта, Езекил, Евстатиј, Елеазар, Евсигниј и Макрина, мудрата волшебничка задолжена за рамноправност меѓу шесте кралства и сопственик на каменот на мртвите.

-Дали си добро, го праша принцезата Аканта држејќи го за рака.

-Подобро, на тоа одговори Ермолај. Но воопшто не се сеќавам што се случи. Едноставно ме облеа силна светлина.

-Пронајден е изгубениот вечен дијамант. Баран е многу долго време низ вековите. Неговата моќ е исклучително голема. Ако се употреби за секунда нашите кралства може да ги снема. Сè она што го гледаме околу нас може во камен да го претвори. Овие прекрасни езера и водопади што ги имаме би се претвориле во вечен мраз. Оваа убавина што ја имаме во нашите кралства ќе ја снема засекогаш. Не би знаела како работи сето ова, но овие неколку денови истражував за тоа. Поделувањето на дијамантот е најдоброто решение. Неговата моќ ќе биде поделена на повеќе делови, што на некој начин сите би останале заштитени, го кажа тоа Макрина.

-Направи го тоа што е најправилно за нас, рече принцезата Аканта.

Тоа и го направи Макрина. Го зеде дијамантот замотан во платно и се упатил во нејзините простории. Поминаа денови во нејзините намери сето ова да го реши. Таквата поделба воопшто не беше лесна. Мораше тоа внимателно да го работи, точно и прецизно.

Но гласините за пронаоѓањето на тој дијамант стигнаа далеку во ушите на секој кој имаше намера да поседува таква моќ и да ја злоупотребуваат. Таквата информација стигна и до Шахор, а неговата желба да поседува таков предмет беше повеќе од сè, и доколку тој би го поседувал тој дијамант би било пропаст за сите, запишуваше Хавиер Шинингнаут.

После неколку денови работа Макрина успеа да го подели

дијамантот на пет еднакви делови и да му ги подели на Езекил, Ермолај, Евстатиј, Елеазар и Евсигниј со што тие станаа сопственици на вечните дијаманти. Со оваа поделба силата на дијамантот е ослабена за да не биде злоупотребена од друг којшто би имал лоши намери.

Поминаа денови, недели па и месеци од кога Макрина ја заврши својата работа. Прекрасниот удобен живот што го имаа во кралството беше посакуван за секој сè до оној моментот кога на големите порти од кралството затропа убавиот принц со неговите помошници. Но кога би знаеле дека пред вратата беше најмрачниот волшебник што некогаш го знаеле со сигурност би реагирале веднаш со нивната армија и моќта што ја поседуваа.

-Кога станува збор за Шахор сето би било залудно, тој беше премногу моќен да го сопрат во неговата намера, тој беше незадржлив на глас, кажа Хавиер Шинингнаут.

Собирот којшто го имаа тој ден Езекил, Ермолај, Евстатиј, Елеазар и Евсигниј заедно со принцезата Аканта и Макрина беше нивно неделно состанување кога еден од слугите дојде и ги прекина, кажувајќи му дека пред вратата на кралството чека принц со неговите помошници од кралството Хелон.

-Кралството Хелон, изненадено одговори принцезата Аканта. Не сум слушнала до сега за такво место.

-Хмм, воздржано промори Макрина.

-Пуштете ги, им рече Евсигниј.

Слугите направија како што им кажа Евсигниј. За кратко време кочијата влезе во дворецот и застана пред портите каде што водеа директно до нив во големата просторија каде што беа собрани. Од кочијата прво излегоа двајца слуги. Изгледаа прилично младо и високо. Убавината што ја имаа беше неодоливо привлечна, а веднаш позади нив беше Валден како што му се претстави, но тоа воопшто не беше вистински принц како што очекуваа, ниту пак неговото име. Неговата преобразба многу умешно ги прелажа сите. Со таа преправена убавина што ја носеше на себе никој не би поверувал дека внатре се крие најмрачниот волшебник, а тоа беше Шахор.

Ги пречека Макрина и љубезно ги повика за да му се приклучат на останатите, а тие без одолговлекување одговорија потврдно.

Кога влегоа внатре беа убедени дека тоа што го бараат и ќе го добијат, па веднаш пристапија со барањето пред принцезата Аканта и петтемина принцови.

-Ја барам вашата рака во замена за мир ѝ се обрати на принцезата Аканта.

-На ова силно и арогантно се насмевна Макрина.

-Кој сте вие да ја барате раката на мојата свршеница, силно и луто му одговори Ермолај, станувајќи од столот.

-Секако дека не, уплашено возврати принцезата Аканта.

-Имам уште едно барање од вас продолжи Валден. Го сакам од вас вечниот дијамант, а во замена ви го подарувам моето кралство.

Кога ова го кажа сите станаа од своите места каде што седеа и се спротиставија на барањето.

-Тој веќе не постои. Го поделив на пет еднакви дела, со што неговата сила е рамномерно распоредена кај секој еден од принцовите, одговори Макрина. Таа знаеше дека доколку сите делови се соединат повторно тој пак ќе беше како еден со што би било застрашувачки за сите особено ако некој го злоупотребуваше. Но во тој случај само таа можеше тоа да го направи.

Кога ова му го кажа Макрина неговиот бес беше премногу голем и во тој момент ја насочи неговата рака кон Макрина иако беа на видно големо растојание, ја крена во воздух и започна да ја дави. На сите веднаш им стана јасно дека не станува за принц, туку за нешто многу злобно и моќно.

Во истиот момент принцезата Аканта се обиде од нејзиниот врат да го активира времепловот што го носеше на ланец, но таа веднаш беше заробена во невидлив меур и беше скаменета што не можеше воопшто да се помести. Во истиот момент вистинското лице на таканаречениот Валден започна да се открива преобразувајќи се во темна прашина што кружеше околу него, додека неговите слуги се преобразија во браќата Евијан насо-

чувајќи ги нивните огнени стрели кон останатите.

Петтемина веднаш ги активираа вечните дијаманти, спротиставувајќи му се на Шахор.

-Шахор врати се од каде што дојде, со придушен глас кажа Макрина. Бидејќи таа беше наследник на каменот на мртвите го употреби за да ја повика починатата армија со што веднаш настана хаос и голем неред и се насочија кон браќата Евијан.

Силна светлина зрачеше од вечните дијаманти додека Езекил, Ермолај, Евстатиј, Елеазар и Евсигниј ги држеа во нивните раце. Насочувањето на дијамантите кон Шахор дојде до негов застој, но не и победа. Неговата моќ беше премногу голема, а клетвата што ја фрли врз нив беше крај за нивното кралство.

Отпорот што го даваа сите беше голем, а немаа ни можност да ја повикаат нивната армија. Продирањето на темнината беше многу брзо обвивајќи се околу нив, за во ред еден миг да се слушне силна експлозија и светлина.

Шахор и браќата Евијан исчезнаа, но проклетството што го остави се прошири низ сите краишта на шесте кралства само поради неисполнувањето на неговите барања.

Сета прекрасна глетка и убавина што ја имаа се претвори во рушевина и кошмар и за кратко сè беше изгубено, но проклетството врз принцезата Аканта, Макрина, Езекил, Ермолај, Евстатиј, Елеазар и Евсигниј беше најстрашното нешто што се случи. Од најубава принцеза, Аканта се претвори во Дебелата Дама толку грда и дебела што никој не би посакал да биде со нејзе, ниту пак некој да ја побара за жена. Таа беше протерана далеку од кралството, а нејзиното место на живеење од тогаш беше во мрачната и напуштена шума исклучиво само во рамките на таа територија без можност да излезе од тие граници заедно со нејзинита армија на џуџиња. Додека пак Езекил, Ермолај, Евстатиј, Елеазар, Евсигниј и Макрина беа претворени во духови, а нивните тела беа заробени од Шахор во книгата на смртта којашто беше во негова сопственост. Нивното протерување беше во пештера каде од тогаш тоа беше и нивното живеалиште. Излезот од таму за нив беше невозможен, но тие

сепак беа свесни како духови и продолжија да живеат. Макрина ја изгуби моќта врз каменот на мртвите со што таа му го даде на Петтемина да го користат, додека вечните дијаманти останаа во нивна сопственост и работеа за нив.

-Да одморам со записите, проговори Хавиер Шинингнаут. Една добра прошетка по снегот би била добредојдена во ова време. Ја облече долгата наметка и излезе од куќата заедно во друштво со мачките Абра и Хекс.

Проклетството од Заборавената шума

Беше доцна во ноќта кога Хавиер Шинингнаут се врати во својата куќа. Таа вечер имаше доста немир во себе, па шетањето надвор му помагаше тој немир да исчезне. Секојдневното пишување на тајните записи коишто тој ги знаеше, беше непосредно пред тој да легне на постела. Седна на својата дрвена маса, ја разгори свеќата што стоеше од неговата лева страна, го зеде перото и започна да пишува.

-Многу одамна Заборавената шума и не беше толку мрачно место како што стана со текот на годините. При моето патување низ светот наидував на многу мистериозни суштества и предмети од кои најмногу ги имаше во Заборавена шума. Некои од тие необични и волшебни суштества се пријателски настроени, но има и такви што треба да се избегнат бидејќи се многу злонамерни. Но после смртта на Блур Барбаријан којшто воедно беше и последниот чувар на Заборавената шума таа станува опасно место за сите. Нејзиното пространство беше толку многу големо и за да ја поминеш од еден до друг крај би траело цела вечност. Периодот којшто го поминав во Заборавената шума беше од корист за некои мои информации, но без напивката за невидливост не би успеал, го кажа тоа Хавиер Шинингнаут.

После смртта на Товија и Улдор плачот на новороденчето што се слушаше низ шумата беше секојдневно. Тоа беше единственото родено бебе во Заборавената шума, но браќата Евијан добро се снаоѓаа како родители. Тие беа решени во намерата да го чуваат некое одредено време и да го дадат на посвојување, но како што времето одминуваше тие започнаа да го засакуваат иако знаејќи дека со нив живее најголемото зло. Но и покрај тоа тие го одгледаа како нивно дете. Глоом беше името кое му го дадоа, но низ волшебничкиот свет беше познат како Шахор.

Сѐ до неговата петта година Глоом беше најобично дете како и секое друго. Потребата од грижа и игра беа секојдневие што требаше да му ја дадат, а во тоа тие добро се снаоѓаа. Но како што

растеше и одминуваше петтата година неговата мистериозност стануваше сè поголема. Исчезнувањето од ден на ден беше сè почесто. Се случувало неговото снемување да трае и со денови, а тоа сето се случувало пред очите на браќата Евијан, а клетвата веќе си ги направила своето делување од пактот и ритуалот направен врз неговите родители и пренесено ненамерно на него. Неговата моќ уште на десетгодишна возраст ги надмина очекувањата на браќата Евијан. Пронаоѓањето на мистериозните суштества низ шумата и верноста и наклонетоста кон него беше неверојатно што низ годините никој за толку кратко време не го направил тоа што за неполна година успеала да направи неговата армија од верни следбеници. Кралицата Саед со нејзините вечни љубовници е онаа којашто ѝ се најдеш во близина низ болка те заробува и остануваш во нејзина сопственост. Гоблините, троловите, лошите проколнати џуџиња, шумските демони Абадон кои болно ја уништуваат душата на човекот, огнената божица Имис, чакалите, џиновите и летечките птици беа само дел од следбениците на Глоом. Ваквото случување во Шумата и гласините дека нешто се случува таму полека се проширува и надалеку. Волшебните работи што ги правеше Глоом од ден на ден беа сè повеќе зачестени. Но и менувањето на неговиот изглед беше премногу воочливо. За кратко време неговиот облик исчезнуваше од пред очите на браќата Евијан, преобразувајќи се во темна прашина разнесувана од ветрот. Тоа беше неповратен процес, и враќањето на првобитниот изглед како човек беше невозможно, а обидите низ годините беа без успех. Контролата врз секој еден беше апсолутно негова. Неговото излегување надвор од шумата започна постепено правејќи злонамерни работи. Потребата за нанесување на штети и собирање на што повеќе следбеници секојдневно беше сè повеќе, а неговата агресивност и моќ растеше постојано. Клетвата беше длабоко навлезена во него и немаше враќање назад од тоа. Тој стана проклетството од Заборавената шума по име Шахор.

-Но откривањето на мистериозните предмети најмногу ми го одземаа вниманието, проговори Хавиер Шинингнаут. Наидов

на многу, но откривањето на прстенот и книгата на смртта беа директно поврзани со Шахор и беа од клучно значење.

Мистериозниот предмет од Заборавената шума или познат како прстенот беше во сопственост на браќата Евијан иако тој му припаѓаше на Шахор уште од неговото раѓање, односно на неговите родители. Тој прстен требало да биде на раката на Товија, но поради ритуалот, освен браќата Евијан, никој не знаеше дека таков предмет е направен. Тој предмет е направен во оној момент кога е направена магијата и клетвата врз Товија и Улдор. Делува спротивно на моќта на Шахор, а љубовта е она што може да го спречи. Сета таа љубов на неговите родители е премината во прстенот.

-Многу е тешко истиот да се лоцира, бидејќи неговата форма е променлива, проговори Хавиер Шинингнаут. Уништувањето на тој прстен би требало да го запре проклетството од Заборавената шума. Но не најдов начин како да стигнам до него ниту пак како да се уништи. Единствено само набљудував, рече Хавиер Шинингнаут.

Но *Книгата на смртта* е нешто што дополнително загрижува. Од она што го забележав станува збор за многу моќен предмет. Таа книга е во сопственост на Шахор и е направена со помош на браќата Евијан. Заклучена е со големи и дебели ланци, додека сината светлина постојано излегува и кружи околу неа. Ги заробува душите и телата на секое живо битие од кое нема излез. Контролата на Шахор започнува од таму, а проклетството постојано расте од ден на ден.

-Се надевам дека ќе дојде време да се уништат овие проколнати предмети, а со тоа и проклетството од Заборавената шума, го кажа тоа Хавиер Шинингнаут станувајќи од дрвената маса на која пишуваше, ја изгаси свеќата и легна на постела доцна во ноќта.

Седумте езера

Ако некогаш ме прашаа, што е најубавото нешто што некогаш сум го видел со моите очи со сигурност и без двоумење би кажал дека тоа се Седумте езера. Покрај природната убавина што ја имаа, тие беа и најмистериозните езера што некогаш постоеле. Нивната положба низ големата пространа долина Виера опкружена со многубројни планински врвови ги правеа тие да бидат многу уникатни и природно заштитени од сите страни пред сè поради нивната моќ која ја имаа. Тие беа распоредени во голем пространа круг, и секое од езерото беше сместено на различна височина со големо растојание едно од друго, а беа чувани и заштитени со по еден волшебник, кажуваше Хавиер Шинингнаут пред неговите мачки.

Прекрасната златна боја која преовладуваше на површината на езерото и огнените јазици што се издигаа високо над него беше познато како Пеколното Езеро, а беше заштитено од волшебникот Ајмар. Осаменото Езеро беше толку прозирно и чисто како солза што секое камче на дното се гледаше, а Алмана беше неговата заштитничка. Небесната сина боја која ја имаше Ангелското Езеро се совпаѓаше со онаа на небото, а Уриел беше неговиот чувар. Многубројните црвени цветови од рози кои пловеа на површината од Љубовното Езеро ја правеа водата да биде црвена и уникатна, а Лилија беше таа што го заштитуваше. Длабокото зелено езеро беше најголемо од сите и со неговата длабочина ги надминуваше сите останати езера, додека зелената боја што ја имаше се совпаѓаше со онаа на шумата, а Сахра беше неговата заштитничката. Младиот Јан беше чувар на Езерото на Младоста, а неговата сребрена боја даваше силен одблесок насекаде околу нив. Темната боја што ја имаше како од ноќното небо беше на површината на Црното Езеро, а Јасмин Лијам беше неговиот чувар. Опстанокот на сите езера и нивната поврзаност зависеше од Црното Езеро. Сите езера својата моќ ја црпеа токму од таму. Нивната вода беше лековита за многу луѓе, но во исто време поседуваа и голема моќ која беше позна-

та низ целиот волшебен свет. Секој еден господар на езерото беше и чувар што го штитеше од несакани посетители. Низ вековите и годините Седумте езера постојано беа посетувани од непожелни волшебници, а нивната одбрана секој пат успешно завршуваше. Она што одредени волшебници го посакуваа беа вечните напивки од седумте езерата и доколку некој се напиеше само една од нив се стекнуваше со одредена моќ. Секој еден чувар од нив ги поседуваше тие напивки што се земаа од езерото и се добиваа само со дозвола од чуварот на езерото, а доколку се испиеја сите тие седум добиваш вечен живот, односно се стекнуваш со бесмртност, запишуваше Хавиер Шинингнаут.

Многу многу одамна во напуштената земја Тамхула живееја тројцата браќа Укелис, Умал и Убрас. Тие беа сопственици на мрачниот и мистериозен замок Мирадор кој беше сместен на високите камени и магливи ридови додека непосредно пред нивниот замок се наоѓаше нивната армија од сто заробени и проколнати луѓе коишто им служеа само нив. Нивната заинтересираност за Седумте езера постоела отсекогаш, а желбата за поседувањето на вечните напивки растеше постојано, а тие беа и меѓу ретките кои знаеле дека таквите напивки се вистински. Сите останати волшебници тоа го сметаа за мит и легенда, додека пак чуварите на езерата добро ја чуваа таа тајна со векови.

Како што одминуваше времето браќата Укелис, Умал и Убрас од ден на ден постепено ја губеа својата моќ, а со тоа нивното стареење беше очигледно. Беа свесни дека еден ден смртта ќе дојде на нивната врата и ќе ги однесе далеку од тој свет во којштото живееле. Па затоа решиле да направат магична напивка со што нивните моќи би се зголемиле, а стареењето би застанало и тие би живееле засекогаш. Но сето тргнало во погрешна насока, така што нивната магична напивка ги проколнува толку многу со што тие започнале да стареат многу брзо и нивните моќи да ослабнуваат. Од тој ден омразата еден кон друг станувала сè поголема, а нивната верба исчезнала во целост. Сето тоа довело тие да се упатат кон Седумте езера и да ги добијат вечните напивки.

Се подготвија добро за долгиот пат и го започнаа патувањето со нивната армија. Патот којшто го одеа и поминуваа беше еден од најопасните и несигурни патишта додека магливите и тешко проодни стрмни патеки со бесконечен амбис од двете страни го отежнува нивното патување.

-Зошто го избравме овој пат му се обрати Убрас на неговите браќа.

-Ова е најкраткиот пат, му одговори Умал.

-Ако изберевме друг пат, ќе ни требаше уште една година патување, рече Укелис.

Но намерата што ја имаше братот Укелис беше претходно добро смислен план. Само тој знаеше дека напивките од Седумте езера може да ги испие само еден и да добие бесмртност и беше невозможно тие да се поделат на тројцата како што очекуваа останатите. Тој си поигра со судбината на неговите браќа и намерно насочувајќи ги по тие несигурни патишта. После неколку денови патување нивниот умор беше очигледен, а излезот од тие магливи патеки беше невозможен што допринесуваше за уште поголем замор за Убрас и Умал, додека Укелис беше задоволен од неговиот план иако прилично изморен тој не искажуваше ништо пред останатите. Како што го одминуваа патот така и невидливоста стануваше сè поголема, а непосредно пред нив завршуваше тој пат, но од густата магла тие ништо не можеа да видат ниту пак што има пред нив. Убрас и Умал први го одеа тој пат, а веднаш позади нив беше Укелис со нивната армија. Тој за момент застана и ги остави неговите двајца браќа да продолжат уште неколку чекори напред.

-Укелис дали доаѓаш, извикаа неговите браќа.

-Да, веднаш сум зад вас, му одговори тој.

Но тоа беа и последните зборови што тој ги слушна од нив. Настана силно уривање и кршење на камења, додека нивното тркалање одекнуваше насекаде. Краткиот звук за помош на неговите браќа исчезна длабоко во амбисот, место од каде што немаше враќање. Настана потполна тишина, а тој во себе си проговори.

-Ги нема, бришејќи ја солзата од неговата лева страна.

Веднаш ѝ нареди на неговата армија да застане, а тој за последен пат реши да ја искористи неговата последна сила и моќ и за секунда да стигне до Седумте езера.

Ги рашири рацете и од двете дланки започна да излегува сина светлина која се издигнуваше над него. Направи силен удар со двете раце спојувајќи ги над неговата глава, а големиот одблесок се прошири насекаде околу нив изчезнувајќи од таму.

Секој пат кога некој беше во непосредна близина, чуварите на езерата се издигнуваа високо над нив штитејќи ги од непожелни волшебници. Тоа беше Укелис со неговата армија која беше видно изнемоштена. Тој ѝ нареди на неговата армија веднаш да ги пронајде вечните напивки, но без дозвола од чуварите тоа беше невозможно. Тој не знаеше дека најпрво треба да ги повика чуварите и да добие нивна согласност. Без образложение пред нив сето тоа беше залудно. Секое доброволно поминување низ езерата значеше живот. Насоката на движење на армијата беше во правец на Црното Езеро, а Јасмин Лијам веднаш стави заштита на површината правејќи го непрепознатливо за нив. За кратко време тие се најдоа на средината од езерото, а чуварите веднаш го препознаа чувството на предавство и желбата за бесмртност. Тие само се погледнаа и кимнаа со главите, а животите на проколната армија на Укелис заминаа во длабочината на Црното Езеро.

-Го заборавивте вашето повикување кон нас, му се обратија на Укелис чуварите на езерата.

Тој видно изнемоштен полека ја крена главата, а тие беа распоредени околу него. Не требаше дополнително објаснување пред нив, тие знаеја сè што се случува.

-Зар љубовта кон напивките е поголема од онаа на браќата, му се обрати Лилија заштитничката на Љубовното Езеро.

-Тие сега се на небесното царство, му рече Уриел, чуварот на Ангелското Езеро.

-Но затоа ти заминуваш во пеколот за сè што направи, му рече Ајмар, заштитникот на Пеколното Езеро.

Неговото тело и душа исчезнаа пред очите на чуварите, а

беше невозможно тој да се спротистави поради неговата ослабена моќ.

Поминаа многу години од смртта на браќата Укелис, Убрас и Умал, а починатата армија на стоте проколнати луѓе кои тие ја предводеа а која веќе се наоѓаше длабоко под Црното Езеро направи чуварите на езерата да се состанат и да направат целосна промена во нивната контрола. За да не се случуваат во иднина губење на животи со цел да се добие вечната напивка тие решиле целосната контрола и моќ да ја предадат на чуварот на Црното Езеро. Нивните моќи и тела преминале во телото на Јасмин Лијам, а тој стана еднинствен чувар на вечната напивка и чувар на нивните души. Сите езера кои дотогаш се гледаа ги снема од пространата долина Виера и остана само Црното Езеро кое стана многу помоќно, а со тоа Јасмин Лијам имаше уште поголема сила и одговорност.

-Имам големо претчувство дека следен којшто може да ја побара лично вечната напивка ќе биде Шахор. Тој ќе ги испрати најпрво неговите следбеници, кажуваше Хавиер Шинингнаут. Добро би ми дошло една прошетка по снегот, си помисли во себе. Ја облече наметката и излезе низ вратата.

Десеттиот наследник и чуварот на трите тајни

После долго седење и размислување од пред каминот реши да стане и да направи прошетка доцна во ноќта.

-Ми треба свеж воздух, им се обрати Хавиер Шинингнаут на неговите мачки. Таа ноќ беше пријатно за прошетка, а чистото ноќно небо светеше од многубројните ѕвезди што таа вечер беа видливи насекаде. Светлината од младата месечина директно паѓаше врз влажната улица со автентичните камени коцки што беа поставени низ тесната улица која поминуваше од пред неговата куќа.

-Време е да излезам, рече Хавиер Шинингнаут. Само што помисли да го повика Хекс да му се придружи во прошетката тој веќе беше излезен и качен високо на покривот од куќата на Хавиер Шинингнаут.

-Имаш убав поглед од тоа високо место, довикна Хавиер на неговата мачка Хекс.

-И после толку години сè уште ми е омилено место, му возврати Хекс.

Помина извесно време откако тргнаа во прошетка без да си прозборат ниту еден збор. Доцна во ноќта владееше апсолутна тишина. Единствениот звук што се слушаше беше одот на Хавиер Шинингнаут.

-Треба да патувам за Романија. Сè уште имам многу неразјаснети прашања. Само таму можам да дојдам до одговор и да ја решам мистеријата која ми е од големо значење.

-Каква мистерија, љубопитно праша Хекс.

-Онаа за трите тајни, му одговори Хавиер Шинингнаут.

-Таа почива таму. Навистина многу ми недостасува. Ја сакав, премногу. Беше најубавото нешто што го познавав. Мачката Пандора сè уште е единствениот чувар на трите тајни, кажуваше Хекс.

-Знам, возврати Хавиер Шинингнаут. Само десеттиот наследник на Асорин може да ги слушне трите тајни од неа. Јас сум десеттиот наследник, кажа Хавиер.

-Но тоа не значи дека ќе добиеш одговор на тоа што го бараш, возврати Хекс. Таа има правило за тоа на кој би требало да ги открие тајните.

-Мистериозен е волшебниот свет во кој живееме. Секогаш треба да најдеш начин и доволно време за да го запознаеш, рече Хавиер Шинингнаут.

-Исто и патувањето низ времето е чудна појава. Биди внимателен и претпазлив, му одговори Хекс.

-Ништо не може да ти избега од вид, со насмевка возврати Хавиер Шинингнаут. Знам дека знаеше веќе одредено време за тоа.

-Ние сме внимателни со сè што се случува околу нас, рече Хекс.

-Ве обожавам со Абра, рече Хавиер Шинингнаут.

Помина цел час откако ја започнаа ноќната прошетка, а желбата за враќање назад како да ја немаше.

-Колку е само прекрасна оваа ноќ, воодушевено кажа Хавиер Шинингнаут.

Чистиот и свеж воздух дополнително придонесе нивниот разговор да трае уште повеќе. Тивкото ветре беше дополнително освежување таа ноќ.

-Не се сеќавам од кога вака долго се немам прошетано во добро друштво. Ми даде свежина во мислите, насмеано проговори Хавиер Шинингнаут.

-Добрата прошетка и свежиот воздух секогаш помагаат во размислувањето. Тука сме секогаш за тебе, му одговори Хекс.

-Во изминатите неколку денови имам многу немирен сон. Постојано на сон ми се јавува Пандора, но многу е нејасно. Никако не можам да откријам што точно значи тоа. Поврзано е со мене и некое младо момче, ѝ кажуваше Хавиер Шинингнаут на неговата мачка Хекс.

-Можеби е повик. Од сето ова што кажа со сигурност е дојдено време за патување до Трансилванија, кажа Хекс.

-Би сакал заедно со Абра да дојдиете со мене на ова патување, рече Хавиер Шинингнаут.

-Со задоволство, возврати Хекс.

Тие продолжија и уживаа во ноќната прошетка, а разговорот помеѓу нив траеше до утринските часови.

***

Поминаа неколку денови откако Хавиер Шинингнаут реши да започне едно патување. Потребните работи почна да ги сместува во куферот за патување кога во еден момент од кај прозорецот му се обрати нежен и мил глас.

-Ќе патувате. Хекс веќе ми кажа дека го сакате моето присуство на вашето патување, рече Абра.

-Секое друштво би ми било добредојдено, посебно кога сте вие во прашање, со мала прикриена насмевка рече Хавиер Шинингнаут.

-Кога заминуваме, потврди Абра.

-Можеме утре да тргнеме. Останува уште кочијата да ја спремам, одговори Хавиер Шинингнаут.

-Ние сме спремни, одговори Абра и повторно излезе низ прозорецот.

Помина скоро цел ден во спремање и подготовка за неговото патување, а мислите постојано му беа насочени кон оние записи до коишто дојде на неговото неодамнешно патување до Прага. Тие антички записи што ги најде кај Астрономскиот часовник во Прага го натераа да го направи ова патување. Тие записи се однесуваа за трите тајни и беа поврзани најмногу со мачката Пандора и Златниот храм. Размислуваше подолго време дали тој како десетти наследник ќе може да има пристап до нив. Неговата цел беше единствено научна и добронамерна за во иднина да помогне на оние волшебници што би имале корист од тоа.

***

-Овде е навистина удобно и пријатно, со воодушевување кажа Хекс.

-А кој управува со кочијата? - праша Абра.

-Јас, насмеано одговори Хавиер Шинингнаут.

Додека тие уживаа внатре во кочијата, таа јуреше со голема брзина низ мистериозните и опасни патишта додека планираното пристигнување му беше предвидено за два-три дена. Волшебниот раскош што го имаше кочијата внатре беше уникатен и единствен. Однадвор изгледаше многу мала и тесна, но внатре беше за воодушевување. Сето тоа се должеше на магијата на Хавиер Шинингнаут.

-Што најдовте кај Астрономскиот часовник во Прага, љубопитно праша Абра.

-Пишани записи од стар папирус. Според моите сознанија и проценка тие се многу стари и се однесуваат за Трите тајни. Овие пишани документи се многу важни и имаат голема моќ. Имаат патувано низ времето, а тоа се гледа по нивната променлива светлина којашто одвреме-навреме се јавува, објаснуваше Хавиер Шинингнаут.

-И вие патувате низ времето понекогаш, затоа го знаете тоа, му одговори Хекс.

-Тоа патување низ времето ме направи да бидам постар и изгледам така. Но на сто и деветнаесет години веќе не е ни важно како изгледам низ насмевка, му кажа Хавиер Шинингнаут.

-Колку е морничаво надвор, кажа Абра.

-Ова е пократкиот пат ѝ рече Хекс.

-За кратко ќе застанеме до рајската зелена градина Валда за да земеме пропусница, му одговори Хавиер Шинингнаут. Таму го прават најубавиот чај што некогаш го имате пробано. Но во оваа форма како што сте сега нема да може да влезете. Ќе треба да се прејдете во човечка форма, кажа Хавиер Шинингнаут.

-За што пропусница, праша Абра.

-За кратко ќе навлеземе во магичниот круг на Златниот храм.

Не секој еден има дозвола за пристап во оваа област, рече Хавиер Шинингнаут.

Како што се наближуваа пред тој магичен круг, се зголемуваше и снежната покривка. Студеното време почнаа да го чувствуваат внатре во кочијата, а снегулките сè повеќе се лепеа на малиот прозорец од кочијата. За момент се слушна шкрипење, а кочијата веќе беше застаната.

-Овде сме, му рече Хавиер Шинингнаут.

Тој веднаш стана и без чекање излезе надвор. Моменталното излегување надвор направи неговата брада да замрзне, а веднаш зад него излегоа и Хекс и Абра, но не како мачки. Нивната човечка форма беше задолжителна при влез во ова место.

-Добро изгледате, насмеано возврати Хавиер Шинингнаут.

-Сме го правеле ова и претходно, прмрмори Хекс.

Сето место околу нив веќе беше бело, додека еднинственото место на кое немаше снег беше рајската градина Валда. Таму сè беше зелено и забележливо од далеку. Одејќи натаму, единственото нешто што го слушаа беше звукот од замрзнатиот снег на земјата.

-Интересно, рече Абра. Магијата си го прави своето, гледајќи кон рајската градината Валда.

Како што се наближуваа кон градината зелената боја добиваше на интензитет, а многубројни цвеќиња со прекрасни бои беа насекаде распоредени само во рамките на градината, додека малите самовили прелетуваа над нив.

Ги пречека гоблинот Онк и им посака добредојде во рајската градина Валда.

-Каде патувате, ги праша тој.

-Златниот храм, одговори Хавиер Шинингнаут.

-Хмм прмрмори гоблинот Онк. Ова место не е посетено многу долго време. После осумдесет и три години вие сте еден од ретките посетители, му одговори гоблинот Онк.

-Одиме во посета, кажа Абра.

-Знам, тие ве очекуваат, сериозно одговори гоблинот Онк. Го стави потребниот печат за влез и им ги подаде пропусниците.

Чувајте ги добро вашите влезници за во Златниот храм. Без нив е невозможно да поминете таму и покрај тоа што тие се ваши пријатели, со предупредување му кажа гоблинот Онк.

-Од каде знае тој грд гоблин дека таму имаме пријатели, тивко му прозборе Хекс на Хавиер Шинингнаут.

-Тој знае сè кога е во прашање влезот во магичниот круг на Златниот храм, му одговори Хавиер Шинингнаут.

Ги зеде пропусниците и им подели по една на Хекс и Абра. Тоа не беа обични пропусници од хартија како што замислуваа. Тие беа направени од чисто злато, а внатре беше исцртан круг кој постојано даваше светлина во сина боја.

-Ајде да одиме, му довикна Хавиер Шинингнаут на Хекс и Абра.

-А кочијата? - зачудено праша Хекс.

-Ќе нè чека од другата страна на рајската градина каде е и излезот.

Всушност од таму и започнува вистинскиот магичен круг, му одговори Хавиер Шинингнаут.

Навлегоа длабоко во рајската градина, а внатре беше толку пријатно и топло што за миг почувствуваа како да се на некој тропски остров и беше сосем поразлично од она пред да влезат во неа.

-Уживајте во краткиот престој овде. Повторно нè очекува снежното време кога ќе излеземе од тука, му рече Хавиер Шинингнаут.

Чајот што му го направија малите џуџиња дополнително му даде релаксација, а непрекинатиот звук од многубројните птици што црцореа беше вистински рај за нив.

-Ова навистина е рај, изненадено кажа Абра.

-Овде немаш никакви грижи, се надоврза Хекс.

Помина скоро еден час откако одмораа во рајската градина, а Хавиер веќе помисли дека е време тие да станат и да го продолжат патот.

-Да одиме! - му довикна Хавиер Шинингнаут.

Но Хекс и Абра воопшто не реагираа на неговиот повик.Тие

беа навлезени во сосема друг свет на уживање.

-Можеби не се сетив на тоа дека чајот ќе ви делува на малку поинаков начин, насмеано му рече Хавиер Шинингнаут.

Стана од дрвото на кое седеше, ги зеде торбите од земја и со едната рака најпрво го поткрена Хекс, а потоа и Абра.

За кратко повторно ќе можете да бидете во вашата првобитна форма, му прмрмори Хавиер Шинингнаут.

Како што ја напуштаа рајската градина Валда, така времето се менуваше и дојдоа до онаа состојба во која беа пред тоа, но сега уште многу поладно со многу ветер и снег. Како што го поминаа прагот од рајската градина, така, тие дојдоа при свест.

-Што се случи? - зачудено праша Абра.

-Нѐ маѓепсаа зар не! - извика Хекс.

-Не, не грижете се. Не претпоставив дека овој влез тука ќе ви делува малку на поинаков начин за разлика од мене. Ви се допадна чајот, нели, низ насмевка, кажувајќи му го тоа Хавиер Шинингнаут.

-Додека стоеја надвор снегот се лепеше на нивната облека, а кочијата веќе ги чекаше за нивното патување.

-Ако постоиме уште малку надвор снегот ќе нѐ затрупа, а од ветрот ќе замрзнеме целосно, викаше Хекс.

-Влегувајте внатре, рече Хавиер Шинингнаут и ја отвори вратата од кочијата.

Нивниот влез внатре беше повторно во првобитната форма на мачка.

-Вака е подобро нели?, ѝ се обрати Хекс на Абра.

-Секогаш, му возврати Абра.

Утре изутрина ќе пристигнеме. До тогаш уживајте во патувањето низ Романија, му рече Хавиер Шинингнаут.

Пријатниот амбиент, топлината и комфорот што ја имаа во кочијата, за нив беше апсолутно уживање, благодарејќи на Хавиер Шинингнаут, додека надвор беше вистинска снежна бура.

***

Беше рано изутрина кога тие со кочијата пристигнаа на високите врвови од Трансилванските Алпи. Виулиците од снежното невреме кое ги следеше во текот на нивното патување беше уште посилно кога пристигнаа. Изобилството од наврнатиот снег беше толку многу што на некои места имаше наноси и повеќе од два метра, а самото место наликуваше како снежно кралство.

Пристигнувањето во малото село Јорел за нив беше олеснување бидејќи за нив тоа беше крајната и посакувана дестинација. Тоа беше село со околу десетина куќи, а високо над селото беше сместен и Златниот Храм.

Само што излегоа од кочијата веќе на кај нив се приближуваше машко лице целото покриено со сива наметка и беше потполно покриен штитејќи се од ладното време. Тоа беше Мохан задолжен за пречек на сите оние кои пристигнуваа во селото Јорел, а воедно и пратител до Златниот храм.

-Добредојдовте! - им посака Мохан на сите тројца и ги замоли да го следат до куќата каде што треба да бидат сместени.

По кратко одење тие стигнаа до куќата и се најдоа пред една стара дрвена врата со долг ходник кој водеше до внатрешните простории на куќата.

-Влезете побргу да не премрзнете, ги предупреди Мохан.

-Ние веќе премрзнавме, одговори Хекс.

За момент се осети топлина насекаде околу нив, а каминот беше преполн со дрва и жар. Тоа му даде дополнително олеснување за убавиот пречек. Полната маса со јадење беше најсреќниот момент што го почувствуваа.

-Вака е подобро нели, рече Хавиер Шинингнаут.

-Зар не очекувале? - изненадено праша Абра.

-Секако, се разбира! - возврати Мохан симнувајќи ја сивата наметка. Тоа беше млад волшебник и жител на селото Јорел на приближно триесетгодишна возраст со долга бела коса и впечатливи сини очи кои зрачеа со убавина.

-Кога пристигнавме, од силното невреме не успеавме да го забележиме Златниот Храм.

Како ли ќе го изодиме тој пат до таму со ова невреме, праша Хекс.

-Не грижете се. Јас сум вашиот водач до таму. Посетата ќе може да ја направите вечерва, а дотогаш невремето ќе исчезне. Уживајте во денот! - со прекрасна насмевка му го кажа тоа Мохан и замина од собата.

-Од каде би знаел дека ова снежно невреме ќе престане до крајот на денот, прмомори Хекс.

-Во право е. Невремето е контролирано од мачката Пандора заедно со тројцата Господари на магијата, соништата и смртта. Само тие можат да го застанат ова невреме, му рече Хавиер Шинингнаут.

-Ти знаеше за ова? - праша Абра.

-Да, одговори Хавиер Шинингнаут.

-Едвај го чекам моментот за да ја видам повторно - рече Хекс.

-Да одмориме до вечерва, му рече Хавиер Шинингнаут.

Пријатниот комфорт што му го понудија при самото пристигнување беше и повеќе од доволен за нив, посебно топлината и преполната маса со јадење.

***

-Тие се овде! - со големо издишување го кажа тоа мачката Пандора. Време е тие да дојдат овде во Златниот храм, им се обрати Пандора на тројцата господари.

Снежното невреме кое беснееше насекаде околу нив за момент исчезна, додека на небото постепено започнаа да се појавуваат ѕвездите.

Се слушна одење низ куќата кое се приближуваше до собата каде што беа сместени Хекс, Абра и Хавиер Шинингнаут.

-Се надевам дека се одморивте, спремете се и за кратко одиме до Златниот Храм, му се обрати Мохан.

Тие набрзина се подготвија и за кратко време излегоа од куќата каде пред врата ги чекаше Мохан, а глетката кога тие излегоа надвор, ги остави без зборови. Блескавата сјајна светлина која доаѓаше од Златниот храм беше единственото осветлување таа вечер заедно со ѕвездите на небото.

-Да тргнеме, рече Мохан. За помалку од еден час би требало да го поминеме овој пат. Таму ве очекува прекрасен поглед.

Патот кој одеше до Златниот храм беше исклучиво по спиралните, стрмни и тешко проодни скали, а тоа беше и единствениот начин да стигнат до таму.

Како што наближуваа така сè повеќе се зголемуваше блескавиот сјај од храмот, а тоа му даваше уште повеќе сила да го забрзаат качувањето до таму.

-Наближуваме. Го осеќам нејзиното присуство, прозборе Хекс.

-После три дена патување мило ми е што ја поминав и оваа последна скала, се слушна уморниот глас на Хавиер Шинингнаут.

Тие веќе беа стигнати пред портите на Златниот храм, а од неговата убавина сите останаа заслепени.

-Вашите пропусници, им се обрати Мохан.

Тие веднаш му ги дадоа, а тој се упати пред портите каде што се наоѓаше мало езерце и веднаш трите пропусници ги пушти во водата. За миг водата од малото езерце се претвори во златна патека, а портите започнаа да се отвораат.

-Добредојдовте во Златниот храм. Вашиот пат е одобрен, му рече Мохан и за секунда изчезна.

-Прекрасна магија, рече Абра.

-Да одиме, им рече Хавиер Шинингнаут.

Како што ја поминуваа златната патека така таа ја снемуваше и позади повторно се враќаше воденатa површина од малото езерце, а портите се затворија.

Се упатија кон внатрешноста на храмот, а околу нив се наоѓаа осум високи столбови на кои беше поставена куполата и формираа цел круг. За разлика од надвор внатре ги пречека темнина, но таа траеше само неколку секунди по нивното пристигнување.

Од сите осум столбови се запалија огромните факели, а топлината што доаѓаше од подот ги остави вчудовидени. Веднаш се направи надворешна заштита околу столбовите, а тие беа апсолутно безбедни внатре. Тоа беше заштитната магија на Пандора.

-Зар мислите дека ќе ве оставам да премрзнете, се слушна гласот на мачката Пандора излегувајќи од источниот камен дел на храмот.

-Пандора! - извика тивко Хекс. Неговите солзи веќе беа разлеани низ неговите долги мустаќи.

Појавувањето на Пандора за сите нив беше од голема радост и среќа, а нејзиниот дух зрачеше со голема светлина.

-Мило ми е што повторно те гледам. Ни недостигаш - рече Абра.

-Патувавме долг пат до овде. Се надевам дека знаеш за што сме кај тебе, рече Хавиер Шинингнаут.

-Да, се разбира! Го добив вашето писмо неколку дена пред да го започнете овој пат. Советот на волшебници, Тројцата господари и јас сме запознати за овој случај, му одоговори Пандора.

-При мојата посета во Прага, кај Астрономскиот часовник пронајдов стари антички записи. Покрај многубројните пишани текстови за темни магии има и записи за Трите тајни. Претпоставувам дека се ваши. Вие сте единствениот чувар на Трите тајни. Сè уште не разбирам во целост како работи ова, затоа и дојдов тука кај вас, кажа Хавиер Шинингнаут.

-Го одобрувам вашто присуство, им се обрати Пандора на Тројцата господари и Советот на волшебници.

Најпрво се појавија Тројцата господари кои излегоа по еден од осумте столбови, а по нив се појавија уште пет од Советот на волшебници.

-Покажи ни ги! - проговорија Тројцата Господари додека нивното ехо одекнуваше низ Златниот храм.

Тој веднаш од наметката ги извади записите и ги остави на земја, а тие веднаш се кренаа во воздух лебдејќи над нив. Нив ги разгледуваа Тројцата господари и Советот на волшебници.

-Ги баравме многу години, но неуспешно. Време е тие да бидат уништени. Пред многу години, твојот претходник имаше помрачни амбиции, па мораше да го направиме тоа што е неопходно, кажа Пандора. Тој постојано бегаше од нас со надеж дека би успеал да ги употреби Трите тајни и да најде засолниште токму во Астрономскиот часовник каде што ги пронајде ти.

-Добро е што го нема повеќе, ѝ одговори Хавиер Шинингнаут.

-Вие како десетти наследник имате право да знаете за нив. Трите тајни се однесуваат за животот, смртта и љубовта. Тие се во форма на оган.

Господарот на магијата го има оганот на животот, Господарот на соништата го има оганот на љубовта и Господарот на вечноста го има оганот на смртта. Синиот оган е оној за животот, црвениот е за љубовта додека црниот оган е за смртта, кажуваше Пандора.

-Можете да ги откриете! - им се обрати мачката Пандора на Тројцата господари.

Тие веднаш ги наведнаа главите во знак на почит, а од нив се појавија Трите тајни во форма на оган.

-Чувствувам дека поседуваат голема моќ и сила, рече Абра.

-Трите тајни даваат живот, а исто така и го одземаат. Претходниот наследник сакаше да ги употреби за негови лични цели и да се стекне со бесмртност. Секоја нивна злоупотреба би значела голема опасност ако дојдат во рацете на друг. Црвениот оган на љубовта е клучен во нивната употреба, му кажуваше Пандора.

-Имам записи и за други мрачни предмети кои даваат бесмртност, но моќта на Трите тајни го надминува тоа, одговори Хавиер Шинингнаут.

-Како можат да се употребат праша Хекс.

-Само доколку некој има вистинска потреба од нив и му треба помош. Десеттиот наследник на Асорин е нивниот прв носител, а јас сум нивниот единствен чувар. Без наша дозвола тие остануваат тука, одговори мачката Пандора.

-Во овој момент вие сте единствениот Десетти наследник. Тој се избира на секој десет години од нас. Доколку тој правилно постапил останува да биде во наредните години. А вие го заслу-

жувате тоа многу повеќе, му одговори еден од Советот на волшебници.

-Вие сте избрани да помагате на оној на кого најмногу ќе му биде потребна помош со вашите записи, им кажа Пандора.

-Спротивно на тоа има и Десетти наследник на Шахор. Поголемиот дел од нив се непријателски расположени. Мора да постои баланс помеѓу доброто и лошото му одговорија Тројцата господари на Хавиер Шинингнаут.

-Пандора! - ѝ се обрати Хавиер Шинингнаут. Сонот што го имав пред да дојдам овде беше поврзан со мене и некое момче.

-Знам! - одговори таа.

-За што се работи праша Хавиер Шинингнаут.

-Според моето пророштво Трите тајни ќе бидат употребени после стотина години од сега. Младото момче што ќе го направи тоа е директно поврзано со тебе. Тој ќе биде твојот иден наследник. Направи твоите записи да стигнат до неговите раце. Таа помош ќе биде клучна за опстанокот на волшебниот свет, му порача мачката Пандора.

-Знам дека никогаш не грешиш во твоите предвидувања ѝ возврати Хавиер Шинингнаут.

Поминаа долги разговори таа вечер во Златниот храм. А веќе се наближуваше изгревањето на сонцето.

-За кратко треба да се повлечеме, им одговори мачката Пандора. Знаете дека не можеме да останеме во текот на денот овде. Нашето појавување е исклучиво во ноќта заедно со Тројцата господари и Советот на волшебници.

-Ти благодарам, ѝ возврати Хавиер Шинингнаут клекнувајќи пред нејзе.

-Не заборавај дека вашето место е овде помеѓу нас, му рече Пандора.

За миг Хекс и Абра се приближија до Пандора.

-Не тагувајте! Постојано сум присутна со вас, им рече таа.

-Нè чека долг пат за назад, рече Хавиер Шинингнаут.

-Употребата на малку магија е секогаш добар избор. Преку овој премин ќе ви овозможам веднаш да се најдете пред вашата

куќа, им рече Пандора.

А веќе непосредно пред нив се отвори кружен премин кој водеше до нивниот дом.

-Ја сакам твојата магија, со насмевка кажа Абра.

-А кочијата? - праша Хекс.

-Таа веќе е на другата страна од преминот насмеано го кажа тоа Пандора.

Хекс се заврте уште еднаш накај Пандора пред тие да влезат во преминот.

-Ќе ми недостигаш, ѝ рече тивко заминувајќи со наведната глава.

-Внимавајте на кого се доверувате. Злото секогаш е присутно помеѓу нас, им порача Пандора, а тие за секунда изчезнаа низ преминот што им го овозможи мачката Пандора.

За Дафи



Кристалната пештера

Многу, многу одамна Карпестата Планина со својата големина и грандиозност беше живеалиште на добрите и гостопримливи џуџиња, шумските самовили како и одреден број на волшебници кои години наназад својот живот и работа го поминуваа токму во внатрешноста на планината, додека соработката со надворешниот свет беше незапирлив. Тргувањето со најразлични производи беше секојдневно, а за возврат тие плаќаа со злато и сребро. Богатството што го имаше Карпестата Планина беше огромно и непроценливо, а едно од тие беше и Кристалната пештера. Нејзиното откривање направи голема промена во волшебничкиот свет, а мистеријата што беше запечатена со векови наназад испадна на виделина запишуваше Хавиер Шинингнаут.

Работата што ја извршуваа џуџињата од ден на ден сè повеќе се зголемуваше што за волшебниците тие беа највредните суштества што ги познаваа додека пробивањето длабоко под Карпестата Планина му донесе неочекуван пресврт.

Групата од десетина џуџиња што дојде до откривањето на Кристалната пештера беа меѓу првите што ја видоа внатрешноста. Нејзината природна убавина ги остави без здив, а ослободувањето на клетвата од пештерата доведе до болест која се рашири насекаде. Неколку денови подоцна од откривање на ужасната болест доведе и до смрт на сите што живееја таму, а неопходно беше и иселување од планината. Останаа малкумина коишто ја преживеаја клетвата, а пустошот што остана беше запаметен уште долги години.

-Дали е достапна сега, праша Хекс.

-Претпоставувам да. Таа е сè уште во добра состојба и е сместена длабоко под земјата во Карпестата Планина. Внатре се наоѓа мало езерце со небесно сина боја и во средината има камен круг којшто е поврзан со остатокот од пештерата, кажуваше Хавиер Шинингнаут.

-Ова го кажуваш како да си бил внатре, праша Хекс.

-Ја посетив многу одамна со мојот пријател Нордин Студ,

одговори Хавиер Шинингнаут.

-Што се случи кога влеговте? - праша Хекс.

- Сѐ уште сме живи, се насмевна Хавиер Шинингнаут. Клетвата била ослободена при првото откривање. Сега единствено што се чува се скапоцените кристали и црниот камен на вечноста.

-Оној којшто дава бесмртност, рече Хекс.

-Да, му одговори Хавиер Шинингнаут. Нордин Студ ја испитуваше состојбата на пештерата и ја оцени како исклучително значајна. Тој е најдобриот алхемичар што некогаш постоел во волшебничкиот свет. Тој го постигна тоа што никој друг не успеа да го постигне. Тој ги направи сите кристални пророштва што сега ги користат некои волшебници и ја кажуваат блиската иднина. Тој го направи вечниот камен од Карпестата Планина кој дава бесмртност. Има и други такви камења коишто веќе се исчезнати, но оној што се чува во Карпестата Планина е единствениот кој има таква моќ. Кристалната пештера е местото од каде што потекнуваат сите тие моќни предмети.

-Кој ќе го заштитува сега тоа место, праша Хекс.

-Од кога Нордин Студ сфаќа дека направил нешто што може да биде искористено од злонамерени волшебници и го известува Советот на Волшебници за неговата работа. За кратко време од Советот на Волшебници назначуваат чувар. Минор е првиот чувар на Карпестата Планина. Само чуварот може да дозволи влез и премин преку планината, кажуваше Хавиер Шинингнаут.

-Тој постојано живее таму? - праша Хекс.

-Не. Но Советот на Волшебниците му даде голема моќ така што тој знае сѐ што се случува таму. После смртта на чуварот неговиот дух останува таму. За десеттиот наследник е меѓу ретките на коишто може да му се појави, кажуваше Хавиер Шинингнаут.

-Кристалниот камен на поврзување што го имате потекнува од таму? - праша Хекс.

-Да, одговори Хавиер Шинингнаут.

-Каде е сега Нордин Студ? - праша Хекс.

-Тој живее далеку од сите. Неговото живеалиште е високо на Швајцарските Алпи. Ми недостига мојот пријател, одговори

Хавиер Шинингнаут.

-Запомни Хекс. Кристалната пештера е доста значајна за волшебниот свет. Таа е извор на енергија и моќ што треба да биде чувана и заштитена. Магијата ќе ја најдеш на она место само ако веруваш дека таа постои таму, кажа Хавиер Шинингнаут.

-Ќе излезам надвор на свеж воздух, рече Хекс.

-Да завршам со записите ќе дојдам и јас, му рече Хавиер Шинингнаут и во меѓувреме ја пушти да свири неговата магична музичка кутија.

ТАЈНИТЕ НА ХАВИЕР ШИНИНГНАУТ

АЛЕКСАНДАР РЕСАВСКИ



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-32

РЕСАВСКИ, Александар
Тајните на Хавиер Шинингнаут / Александар Ресавски. - Кавадарци: Библиотека Феткин, 2023. - стр.48 ; 21 см

ISBN 978-608-4613-37-4

COBISS.MK-ID 60039685

Copyright © Александар Ресавски 2023

Прво издание 2023

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која и да било форма или на кој и да било начин во електронските или печатени медиуми, без писмена согласност од авторот.



ISBN 978-608-4613-37-4